# ХИПОН образовниот проект пред самиот крај?

Проектот „**ИКТ Е-модули за хистопатологија: значајна онлајн алатка наменета за студенти, истражувачи и професионалци – ХИПОН**“, предводен од Вон. Проф. Д-р. Андреас Ц. Лазарис од Факултетот за медицина на Националниот Каподостриан Универзитет од Атина со партнерите од Факултетот за медицина на Универзитетот во Загреб, Хрватска, Медицинскиот универзитетски центар Радбејд од Холандија, Центарот за напредно истражување и развој во образовната технологија, (CARDET) од Кипар и Факулетот за информатички науки и компјутерско инженерство од Универзитетот „Св.Кирил и Методиј“ од Македонија, е кофинансиран од **Програмата за доживотно учење на Извршната едукативна аудивизуелна и културна агенција на Комисијата на Европска унија** во период на времетраење од 3 години, од јануари 2013 до декември 2015.

Основната идеја на ХИПОН проектот е да се следат мешани начини на учење, користејќи ги најдобрите карактеристики на ИКТ системот (е-модули, онлајн игра, виртуелно портфолио, хисто-книга) во комбинација со големата стручност на креаторите на содржини, со цел да се направи процесот на учење патологија поинтересен и попрактичен. Проектот е целосно ориентиран кон крајните корисници; студентите, специјализантите и патолозите. По 3 години напорна работа, патолозите кои се вклучени во овој проект, заедно со ИТ експертите и експертите за иновативни дизајни за учење, развија самостојна, добро структурирана и едноставна за користење, мулти-јазична платформа за е-учење, обезбедувајќи вредна алатка за подучување на студенти, истражувачи и професионалци.






Овој проект е финансиран со поддршка од Европската комисија.
Ова соопштение ги одразува ставовите само на авторот и Комисијата не може да биде одговорна за било каква употреба на информациите содржани во него.

На 22-ри и 23-ти октомври 2015 година, во Атина, Република Грција се одржа меѓународна конференција и ИКТ работилница под наслов "Подобрување на наставата по патологија". Сите презентации беа многу интересни, но особено важни и охрабрувачки за конзорциумот на проектот беа презентациите на студентите кои ја користеа / тестираа ХИПОН платформата; тие беа повеќе од задоволни со содржината, начинот на нејзиното претставување како и со иновативниот дизајн. Всушност, тие дури и изјавија дека ХИПОН воведе светло во темната соба на учење патологија.






По 36 месеци заедничка и интензивна работа на 5 партнери од 5 различни земји и 3 различни области, како и позитивна повратна реакција од крајните корисници, може да се чувствуваме задоволни од нашата работа. Во современиот свет, каде бариерите растат насекаде како печурки, ние покажавме дека единствениот начин да се оди напред и да се расте е со заедничка работа, користејќи го малиот црвен коњ на ХИПОН да ги прескокнеме сите пречки, како и да го подобриме учењето, разбирањето и комуникацијата.

Проектот ХИПОН дојде до својот крај, но секој крај е само нов почеток ...

ХИПОН Конзорциум

**Најдете на [www.hiponproject.eu](http://www.hiponproject.eu), Twitter (@HiponProject) и Facebook (HIPONProject).**

Овој проект е финансиран со поддршка од Европската комисија.
Ова соопштение ги одразува ставовите само на авторот и Комисијата не може да биде одговорна за било каква употреба на информациите содржани во него.